Бр. 01-3/8
29 ноември 2011 година
Скопје

Врз основа на член 43 од Статутот на Институтот за европска политика, Управниот одбор го подготви Пречистениот текст на Статутот.

Пречистениот текст на Статутот ги опфаќа Статутот на Здружението Институт за европска политика донесен на седницата на Собранието одржана на 24 февруари 2011 година (бр.01-3/1 од 16 март 2011 година), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Здружението Институт за европска политика донесена на 23 март 2011 година (бр. 01-3/4 од 23 март 2011 година) и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Институтот за европска политика донесена на 29 ноември 2011 година (бр. 01-3/7 од 29 ноември 2011 година).

# СТАТУТ
# НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА
## (пречистен текст)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1.

Институт за европска политика е независна, непрофитна и непартиска организација основана како здружение на граѓани заради развој на политиката за европска интеграција и на јавната свест за неа.

Институтот за европска политика дејствува како мисловна лабораторија (think tank).

Член 2.

Името на Здружението на македонски јазик е Институт за европска политика.

Името на Здружението на албански јазик е Instituti për Politikë Evropiane.

Името на Здружението на англиски јазик е European Policy Institute.

Скратеното име е ЕПИ на македонски јазик, а EPI на албански и на англиски јазик.

Член 3.

Институтот за европска политика (во понатамошниот текст: ЕПИ) своите цели и активности ги остварува во согласност со Уставот, законите и другите прописи на Република Македонија.

ЕПИ се основа на неопределено време.

## II. ЦЕЛИ И ДЕЈНОСТИ

*ЦЕЛИ*

Член 4.

Основна цел на ЕПИ е, со истражувања и ставови за европската политика, да обезбеди квалитетна основа за дебата и решенија за креаторите на политиката, како и за вклучување на јавноста.

- создавање јавен простор за размена на мислења помеѓу сите вклучени субјекти при креирањето на европски стратегии и јавни политики;
- подигање на свеста на јавноста и на чинителите во процесот на политичко одлучување за политиката на интеграција во ЕУ;

- поттикнување на критичка мисла, истражување и анализа за создавањето и спроведувањето стратегија и политика за интеграција во ЕУ;
- унапредување на регионалната соработка и придонес кон дебатата за проширувањето и европеизацијата во регионот и пошироко;
- развој на дијалогот за интеграција во ЕУ во цивилното општество во Република Македонија, на регионален план и со ЕУ;
- развој на демократијата, граѓанското општество и човековите права.

*ДЕЈНОСТИ*

Член 5.

ЕПИ своите цели ги остварува преку следниве дејности:

- спроведување истражувања, студии, анализи и подготовка на други материјали за креирањето и спроведувањето на политиките ориентирани кон интеграцијата во ЕУ;
- подготовка и објавување мислења и предлози за политиката на интеграција во ЕУ;
- следење на развојот и дебатата за политиките на ЕУ;
- организирање конференции, тркалезни маси, дебати и други форми на дијалог за политиките на интеграција во ЕУ;
- спроведување обуки поврзани со интеграцијата во ЕУ;
- издавање билтен, списание, книги и други публикации;
- планирање и спроведување проекти;
- вмрежување и комуникација со други здруженија и организации со слични цели и задачи од земјата и регионот преку размената на искуства и заедничка организација на настани со регионално значење;
- соработка со научни и други институции, невладини организации и деловниот сектор во земјата и странство;
- други активности поврзани со целите на ЕПИ.

## III. ЧЛЕНСТВО ВО ЕПИ

*ЗАЧЛЕНУВАЊЕ*

Член 6.

Членството во ЕПИ може да биде индивидуално и колективно.

Индивидуални членови се физички лица кои со нивното теоретско и практично знаење и искуство можат да придонесат за остварување на целите на ЕПИ.

Колективни членови се правни лица кои се заинтересирани и можат да придонесат за остварување на целите на ЕПИ.

За приемот во членство одлука донесува Управниот одбор.

Зачленувањето во ЕПИ се врши со пристапница.

*ЧЛЕНАРИНА*

Член 7.

Членовите на ЕПИ плаќаат членарина, чијашто висина се утврдува со одлука на Собранието на ЕПИ.

Членовите на ЕПИ членарината ја уплаќаат најдоцна до 28 февруари за тековната година. Ако членот не плати членарина до крајот на годината, Управниот одбор му упатува опомена.

Доколку и по опомената членот не ја уплати членарината, Управниот одбор поведува постапка за исклучување.

*РЕГИСТЕР*

Член 8.

За членството на ЕПИ се води електронски регистер, кој се ажурира редовно, а најмалку еднаш годишно.

Содржината и начин на водење на регистерот, пристапницата, како и на плаќање на членарината се утврдуваат со правилник што го донесува Управниот одбор.

Сите членови имаат пристап до Регистерот.

*ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО*

Член 9.

Членството во ЕПИ престанува доколку членот писмено го извести ЕПИ за тоа, најмалку еден месец пред престанокот на членството.

Член на ЕПИ може да биде исклучен од членство:

- доколку со својата активност наштети на угледот на ЕПИ;
- не плаќа редовно членарина согласно одредбите на овој Статут;
- не ги врши своите обврски согласно Статутот.

За исклучување од членството одлучува Управниот одбор на ЕПИ, со мнозинство гласови од членовите. Управниот одбор го информира членот за постапката за исклучување по писмен пат, наведувајќи ги причините за тоа. Во постапката на исклучување задолжително се обезбедува сослушување на членот чие исклучување се предлага.

Членот може да поднесе приговор до Надзорниот одбор, кој конечно одлучува по приговорот.

## IV. ОРГАНИ И НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ

*ОРГАНИ*

Член 10.

Органи на ЕПИ се:

- Собрание,
- Управен одбор,
- Надзорен одбор,
- Директор.

Управниот одбор основа и Совет на ЕПИ, како консултативно тело.

*СОБРАНИЕ*

Член 11.

Собранието го сочинуваат сите членови на ЕПИ.

Колективните членови се претставени во Собранието со по еден претставник.

*ДЕЛОКРУГ НА СОБРАНИЕТО*

Член 12.

Собранието:

- го донесува Статутот на ЕПИ;
- ја донесува Програмата на ЕПИ;
- ги усвојува годишниот извештај;
- го усвојува годишниот финансиски извештај;
- го избира претседателот на Собранието;
- ги избира и разрешува членовите на Надзорниот одбор;

- ги избира и разрешува членовите на Управниот одбор;
- го избира и разрешува директорот на ЕПИ;
- донесува одлука за висината на членарината;
- донесува одлука за здружување и раздружување со друго здружение, со двотретинско мнозинство, на предлог на најмалку два члена;
- донесува одлука за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство, на предлог на најмалку два члена;
- врши и други работи определени во Закон и овој Статут.

*ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО*

Член 13.

Собранието избира претседател на Собранието.

Мандатот на претседателот е четири години, со можност за повторен избор.

Претседателот на Собранието:

- го свикува и претседава со седниците на Собранието;
- ги потпишува одлуките што ги донесува Собранието и записниците;
- го промовира ЕПИ во јавноста;
- дава предлози и иницијативи за унапредување на работењето на ЕПИ;
- обезбедува усогласено работење, соработка на органите и членовите и поттикнување на културата на дијалог и консензус во работењето на ЕПИ;
- врши и други работи согласно Статутот.

*СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО*

Член 14.

Собранието одржува седница најмалку еднаш годишно.

Собранието се свикува најдоцна осум дена пред денот на одржувањето.

Собранието го свикува и со него претседава претседателот на Собранието.

Собранието се свикува и на писмена иницијатива на една третина од членовите. Подносителите на барањето го доставуваат барањето до претседателот и до сите членови на ЕПИ. Претседавачот е должен да свика седница на Собранието во рок од осум дена од добивањето на иницијативата. Доколку претседавачот не свика седница, седницата се одржува десеттиот ден од денот на приемот на иницијативата.

*ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ НА СОБРАНИЕТО*

Член 15.

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието донесува одлуки со мнозинство од присутните членови, доколку со овој Статут не е определено поинаку.

Како присуство на Собранието се смета и учество преку конференциска врска, без физичко присуство на Собранието.

Доколку на првото свикување на седница на Собранието не се присутни мнозинството од членовите, во рок од осум дена се свикува нова седница на Собранието, на која Собранието работи и доколку не се присутни мнозинството на членовите, а донесува одлуки со мнозинство од присутните членови, освен за прашањата за кои со овој статут е утврдено поинакво мнозинство.

*УПРАВЕН ОДБОР*

Член 16.

Управниот одбор (во натамошниот текст: УО) се состои од директорот и два до четири члена.

Членовите на УО ги избира Собранието со мнозинство од бројот на членови кои гласале.

Со работата на УО раководи директорот.

Мандатот на членовите на УО е четири години, со можност за повторен избор.

*ДЕЛОКРУГ НА УО*

Член 17.

Управниот одбор:

- предлага измени и дополнување на Статутот;
- донесува среднорочен стратешки план и годишна програма за работа;
- донесува финансиски план и усвојува завршна сметка;
- ги утврдува предлозите на актите кои ги донесува Собранието;
- ги спроведува одлуките на Собранието;
- презема активности за остварување на целите на ЕПИ;
- ја претставува и промовира организацијата во пошироката јавност;
- назначува членови на Советот на ЕПИ;
- основа постојани и повремени комисии, работни и проектни групи;
- донесува правилници и други акти за регулирање на работата на ЕПИ, освен оние што според закон и овој статут ги донесуваат други органи;
- ги определува знакот и мотото на ЕПИ;
- управува и се грижи за имотот и средствата на ЕПИ;
- основа трговски друштва и други правни субјекти согласно Закон;
- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и другите акти на ЕПИ.

*СОСТАНОЦИ НА УО*

Член 18.

Управниот одбор се состанува најмалку четири пати годишно.

УО по правило донесува одлуки со консензус. Доколку не може да се постигне консензус, УО донесува одлуки со мнозинство гласови на членовите.

*РАЗРЕШУВАЊЕ*

Член 19.

Член на УО може да биде разрешен пред истекот на мандатот ако:

- поднесе оставка;
- не е активен и не ги извршува своите обврски подолго од шест месеци;
- не го почитува Статутот.

Наместо разрешениот член Собранието избира нов член на УО со нов четиригодишен мандат.

Членот на УО го разрешува Собранието, на предлог на директорот или на мнозинството од членови на УО.

*ДИРЕКТОР*

Член 20.

Директорот:

- ги свикува и претседава со состаноците на УО;
- ги координира активностите на ЕПИ согласно Програмата и овој статут;
- ги потпишува актите кои ги донесува УО;
- дава иницијативи и предлага активности за остварување на целите на ЕПИ;
- ја претставува и промовира ЕПИ пред јавноста;

- дава предлози за унапредување на работењето на ЕПИ, за развивање на тимската работа, креативноста, иновативноста во работењето на ЕПИ;
- ја координира подготовката на стратешките планови, програмите и плановите за работа и ги поднесува на УО;
- се грижи за остварувањето на Програмата, стратешките планови и програми;
- ги следи и ги анализира состојбите во областите во кои дејствува ЕПИ и сходно предлага иницијативи и активности;
- преговара, склучува и потпишува договори;
- се грижи за материјално-финансиското работење на ЕПИ;
- одговорен е за работењето на Службата на ЕПИ;
- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства;
- се грижи за чувањето на документацијата;
- остварува контакти со други организации и институции;
- одговара за законитоста во работењето на ЕПИ.

Мандатот на директорот е четири години, со можност за повторен избор, врз основа на предложена програма за работа.

Директорот од членовите на УО определува негов заменик, во случај на негово отсуство или спреченост.

Директорот со писмен акт може да делегира потпишување на акти за спроведување.

*ЗАСТАПУВАЊЕ ПО ЗАКОН*

Член 21.

Директорот го застапува ЕПИ согласно закон.

За својата работа директорот одговара пред Собранието.

*РАЗРЕШУВАЊЕ*

Член 22.

Директорот на ЕПИ може да биде разрешен пред истекот на мандатот ако:

- поднесе оставка;
- не ги спроведува плановите и програмите за работа на ЕПИ;
- не го почитува Статутот.

Предлог за разрешување на директорот може да дадат претседателот на Собранието или една третина од членовите на Собранието.

*НАДЗОРЕН ОДБОР*

Член 23.

Надзорниот одбор (во натамошниот текст: НО) се состои од два члена, кои ги избира Собранието.

Членовите на НО не мора да се членови на ЕПИ.

Мандатот на членовите на НО е четири години, со можност за повторен избор.

Надзорниот одбор се состанува по потреба, а најмалку два пати годишно.

Надзорниот одбор работи и одлучува со усогласување на членовите.

Доколку не може да се постигне согласност меѓу членовите, прашањето се поставува на Собранието на решавање.

*ДЕЛОКРУГ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР*

Член 24.

Надзорниот одбор ја следи примената на Статутот и Програмата и се грижи за работењето и имотот на ЕПИ.

Надзорниот одбор:
- врши надзор и контрола на материјално-финансиското работење на ЕПИ;
- врши надзор на законитоста во работењето на ЕПИ;
- ја контролира примената на постапки кои ја обезбедуваат законитоста, ефикасноста и економичноста во работењето на Институтот;
- врши надзор над примената на прописите за спречување на корупцијата и судир на интереси;
- дава мислење за годишниот извештај за работата и годишниот финансиски извештај;
- одлучува по приговори за одлуките за исклучување од членство;
- одлучува по приговори на вработените во ЕПИ;
- дава препораки за унапредување на работењето на ЕПИ.

*РАЗРЕШУВАЊЕ*

Член 25.

Член на НО може да биде разрешен пред истекот на мандатот ако:

- поднесе оставка;
- не учествува во работата на Одборот подолго од една година;
- не го почитува Статутот.

Предлог за разрешување на член на НО може да поднесе претседателот на Собранието или една третина од членовите на Собранието.

По разрешувањето на член на НО, се избира член со нов четиригодишен мандат.

*СОВЕТ НА ЕПИ*

Член 26.

Советот на ЕПИ е консултативно тело, во кое членуваат личности од Република Македонија и од странство кои поради своето знаење и искуство во областите во кои дејствува ЕПИ можат значително да придонесат за остварување на целите на ЕПИо.

Членовите на Советот на ЕПИ се вклучуваат во неговите активности и се консултираат за развојот и програмите на ЕПИ.

Членовите на Советот на ЕПИ ги именува УО.

При именувањето на членовите на Советот, УО се раководи од потребата за развивање на културата на дијалог, толеранција и придонес во разгледувањето на различни опции и можности.

*НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ЕПИ*

Член 27.

Членовите на органите по правило одлучуваат со усогласување до постигнување консензус.

Претседавачите на органите на ЕПИ обезбедуваат меѓусебна консултација, дијалог, сестрана расправа, разгледување на различните мислења и опции при донесувањето на одлуките.

Доколку не може да се постигне консензус, се пристапува кон гласање. При одлучување со гласање, одлуката се смета за донесена доколку за неа гласале повеќе од половината од присутните членови, освен ако со овој Статут не е поинаку определено.

При еднаква поделба на гласовите во органот, гласот на претседавачот е решавачки, освен ако со овој статут не е поинаку определено.

Од сите седници на органите на ЕПИ се водат записници. Записниците се доставуваат до сите членови на органот најдоцна два дена од одржаната седница. Записниците се усвојуваат на следната седница или по електронски пат со изричина согласност на присутните членови.

Усвоените записници ги потпишува претседавачот и тие се чуваат во документацијата на ЕПИ. Записниците од НО ги потпишуваат неговите членови.

*ОДЛУЧУВАЊЕ БЕЗ ПРИСУСТВО*

Член 28.

Членовите на органите може да учествуваат и да одлучуваат на седница организирана со конференциска врска.

Членовите на органите може да одлучуваат и без одржување состанок или без присуство, ако дадат согласност за актите односно одлуките кои се донесуваат, вклучително и за актите коишто се донесуваат со нивно потпишување преку потпис испратен по факс или по електронска пошта.

*УВИД*

Член 29.

Членовите на ЕПИ имаат право на увид во работата на ЕПИ.

Ако член на ЕПИ и на неговите органи дознае за неправилности во примената на статутот или во финансиското работење, бара отстранување на неправилноста од УО и го известува НО.

*СЛУЖБА НА ЕПИ*

Член 30.

Службата на ЕПИ ги извршува работите за подготовка и спроведување на програмите и плановите на ЕПИ, поддршката на работата на неговите органи, управувањето со проектите, чувањето на документите и архивирањето и друга стручна и административна поддршка на ЕПИ.

Организацијата, раководењето и работењето на Службата се уредуваат со правилници и други акти што ги донесува УО.

Вработените во ЕПИ имаат право на плата и надоместоци во согласност со закон и колективен договор, кои се утврдуваат во договорот за работа.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

*ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА*

Член 31.

ЕПИ стекнува средства од:

- членарина;
- донации;
- доброволни прилози,
- подароци (во пари, добра, имотни права)
- завештанија и легати,
- вршење дејност и давање услуги,
- приходи од имот и имотни права, финансиски и други инвестиции во согласност со закон,
- Буџетот на Република Македнија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во согласност со закон.

*НАЧЕЛО НА ДОБРО УПРАВУВАЊЕ*

Член 32.

Со финансиските средства на ЕПИ членовите на органите управуваат во интерес на остварување на целите на ЕПИ, со внимание, во согласност со начелата на добро управување, во интерес на ЕПИ и над личните интереси.

Вишокот на приходите над расходите се употребува исклучително за остварување на целите и дејностите на ЕПИ.

*ПЛАНИРАЊЕ*

Член 33.

Планирањето на финансиските средства се врши врз основа на Програмата за работа на ЕПИ, Среднорочниот стратешки план и Годишната програма.

Со годишниот финансиски план се планираат приходите и расходите на ЕПИ. Во зависност од обемот на приходите и преземените програмски активности, годишниот финансиски план соодветно се усогласува во текот на годината.

*ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ*

Член 34.

Годишниот финансиски извештај на ЕПИ се изготвува во согласност со закон. Мислење за финансискиот извештај дава НО, а го усвојува Собранието на ЕПИ.

Годишниот финансиски извештај на ЕПИ ги потпишува директорот на ЕПИ.

Годишниот финансиски извештај се објавува на веб-страната на ЕПИ, најдоцна до 30 април тековната година за претходната година.

По потреба се изготвуваат и посебни финансиски извештаи за одделни програми и проекти на ЕПИ, во согласност со закон и договор.

Годишниот финансиски извештај и со закон определените даночни извештаи се доставуваат до надлежните институции.

За материјално-финансиското работење се води уредна документација и се чува во со закон утврдени рокови.

## VI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

*НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ*

Член 35.

Јавноста во работењето ЕПИ ја обезбедува преку објавување на документи, информации и публикации на неговата веб-страна, редовно информирање на медиумите, печатење на публикации и други материјали и на други начини.

На веб страната се објавуваат:

- Статутот;
- Програмата на ЕПИ;
- Годишниот извештај за работа;
- Финансискиот извештај;
- податоци за активностите на ЕПИ;
- документите кои произлегуваат од дејноста и активностите на ЕПИ утврдени во член 5 на овој статут;
- други податоци и информации со кои се обезбедува транспарентност и промоција на ЕПИ во јавноста.

*ИНФОРМИРАЊЕ, КОНСУЛТАЦИЈА И КОМУНИКАЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ*

Член 36.

Во подготовката на среднорочниот стратешки план и годишната програма УО ги вклучува, преку задолжителна консултација и на други начини, сите членови на ЕПИ.

Со актите што ги донесуваат органите на ЕПИ се запознаваат сите членови на ЕПИ, по електронски пат.

Како писмена комуникација меѓу членовите на ЕПИ и неговите органи се смета и комуникацијата по електронска пошта, доколку има потврда за прием на електронска адреса што членот ја навел во регистерот за членство.

*ОБЈАВУВАЊЕ*

Член 37.

ЕПИ може да основа и објавува списанија, билтени и други публикации, за кои УО формира уредувачки одбор и/или определува уредник.

## VII. ЗАШТИТА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

*СЛЕДЕЊЕ НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ И КОДЕКСИ*

Член 38.

Во својата работа ЕПИ се раководи од најдобрите практики и кодекси на етика на невладините организации на глобално, европско и национално ниво.

*ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ*

Член 39.

Членот на ЕПИ е должен да ги штити интересите на ЕПИ и да води сметка за нив при својата активност во други организации.

*СУДИР НА ИНТЕРЕСИ*

Член 40.

Член на ЕПИ и вработен во ЕПИ е должен да го извести УО за евентуален судир на интереси.

Секој договор или друга деловна активност на ЕПИ во кој ЕПИ се појавува како странка, за која заинтересираната страна е член на ЕПИ односно неговите органи или вработен во ЕПИ претходно се разгледува и одобрува од УО.

Членот на ЕПИ се исклучува од донесувањето одлуки за прашањата за кои има судир на интерес и не смее да влијае на членовите што донесуваат одлука.

## VIII. СТАТУСНИ ПРОМЕНИ И ПРЕСТАНОК

*СТАТУСНИ ПРОМЕНИ*

Член 41.

Одлука за престанок, како и за присоединување, спојување и поделба на ЕПИ донесува Собранието со двотретинско мнозинство од сите членови.

Престанок настанува и во случаите предвидени со Закон.

*РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА ВО СЛУЧАЈ НА ПРЕСТАНОК*

Член 42.

Во случај на престанок, средствата што остануваат по намирувањето на обврските се распоредуваат рамномерно на неговите членови.

## IX. ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

Член 43.

Измени и дополнувања на Статутот или нов Статут се донесуваат со мнозинство гласови на присутните членови на Собранието.

Предлог за измени и дополнувања на Статутот односно донесување нов Статут поднесува УО или една третина членови на Собранието.

Предлогот од став два на овој член, со образложение, се доставува до членовите на Собранието најмалку седум дена пред нивното усвојување. Доколку предлогот е поднесен од членови на Собранието, свое мислење за него до Собранието доставува УО.

По усвојувањето на измените и дополнувањата на Статутот, УО подготвува пречистен текст на Статутот и го доставува до сите членови на ЕПИ.

## X. СТАТУС

Член 44.

ЕПИ е правно лице.

Седиштето на ЕПИ е во Скопје, на адреса: улица „Даме Груев“ бр. 28, 1000 Скопје.

Член 45.

Знакот и мотото на ЕПИ ги утврдува УО, по претходна консултација со членовите.

Член 46.

ЕПИ има печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името и знакот на Здружението.

Штембилот е правоаголен и го содржи името на Здружението, број, датум и место.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47.

Статутот влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје,

29 ноември 2011 година

Управен одбор

Малинка Ристевска Јорданова

Директор на ЕПИ